**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЧЕТВРТТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 25.11.2021 година

**СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 2021 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четврттата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 25.11.2021 година**

*Пред почетокот на седницата со едноминутно молчење им беше оддадена должна почит на трагично загинатите и настраданите во сообраќајната несреќа што се случи во Република Бугарија на 23 ноември 2021 година.*

Седницата започна во 12:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот, на седницата присуствуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**************

По Нацрт - Записникот од **Третата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Третата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **27 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

За работата на седницата Претседателот на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата

За работата на седницата со **27 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства за помош на настраданите во сообраќајната несреќа во Република Бугарија.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за доделување на финансиски средства за помош на настраданите во сообраќајната несреќа во Република Бугарија.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.11.2021 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за доделување на финансиски средства за помош на настраданите во сообраќајната несреќа во Република Бугарија, со **27 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Четврттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **12:25** часот.

**Број 09-4675/2**
**од 10.12.2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

*** аудио записот од седницата е составен дел на записникот**